Врз основа на член 14 точка а) и член 135 став 9 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2005), Комисијата, како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 21.06.2005 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОСТАПКАТА И УСЛОВИТЕ ЗА ЧУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНА ОПРЕМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката и условите за чување на привремено одземената опрема од нелегалните корисници на радиофреквенции.

Член 2

Нелегални корисници на радиофреквенции, во смисла на Законот за електронски комуникации, се правни и физички лица кои користат радиофреквенции без одобрение за користење на радиофреквенции или спротивно на условите за користење на доделените радиофреквенции одредени во одобрението за користење на радиофреквенции што го издава Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција).

Член 3

Привремено одземање на опремата од нелегалните корисници на радиофреквенции, врши инспекторот за електронски комуникации.

За извршеното одземање на опремата, инспекторот за електронски комуникации составува записник кој содржи листа на одземената опрема по количина, вид, производител, сериски број, како и типот на опремата и друго, а на имателот му предава потврда за привремено одземената опрема.

Член 4

На инспекторот за електронски комуникации при вршење на привременото одземање на опремата од нелегалните корисници на радиофреквенции, стручна помош му даваат лица вработени во Агенцијата, кои за таа цел ќе бидат овластени од страна на директорот на Агенцијата, а доколку е потребно и со ангажирање на надворешни специјализирани фирми и со асистенција на службени лица на Министерството за внатрешни работи.

Член 5

Доколку на инспекторот за електронски комуникации не му биде овозможен влез во станбената просторија каде што е сместена опремата, тој тоа ќе го стори со налог издаден од надлежниот суд.

Член 6

Привремено одземената опрема се сместува и чува во соодветни простории на Агенцијата, на начин што ќе оневозможи нејзино оштетување или уништување.

За привремено одземената опрема се води посебна евиденција.

Член 7

Одземената опрема се чува во Агенцијата до завршување на спорот, односно до донесување на правосилна судска пресуда.

Член 8

Доколку со правосилната судска пресуда се наложува враќање на привремено одземената опрема, имателот на одземената опрема треба во рок од 7 дена од денот на правосилноста на пресудата да поднесе барање за враќање на привремено одземената опрема.

За извршеното примо-предавање на опремата се составува записник кој го потпишува имателот на опремата и лицето вработено во Агенцијата, кое за таа цел е овластено од страна на директорот на Агенцијата.

Член 9

Доколку со правосилна судска пресуда е изречена мерка на безбедност одземање на опремата, а која е претходно привремено одземена и се наоѓа на чување во Агенцијата, истата му се предава на надлежниот суд.

Член 10

Агенцијата не одговара за оштетување односно уништување на привремено одземената опрема кое може да настане поради дејство на виша сила.

Член 11

Правилникот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Комисијата
на Агенцијата за електронски комуникации,
**Софче Јовановска**, с.р.